**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# Ликовно образование

## за IV одделение

**Скопје, 2021 година**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Ликовно образование*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | IV (четврто) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • ***Цртање***<br>• ***Сликање***<br>• ***Пластично обликување и градење***<br>• ***Графика***<br>• ***Дизајн и визуелни комуникации*** |
| **Број на часови** | 1 час неделно /36 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Аудиовизуелни средства (телевизор, ДВД-плеер, ЛЦД-проектор, касетофон, дигитален фотоапарат, дигитална камера, компјутер, паметна табла, таблет за цртање, печатач или други дигитални уреди).<br>• Интернет, образовни софтвери.<br>• Средства и материјали за цртање (хартија, молив, дрвени боици, фломастери, мрсни боици, бајц, лавиран туш, перце, креди, дрвце, јаглен, природни и вештачки материјали, штафелаи).<br>• Средства и материјали за сликање (акварел, темпера, пастел, материјал за колажирање).<br>• Средства за пластично обликување и градење (пластелин, глина, глинамол, тесто, пластика, амбалажа, алуминиумска фолија, жица, конец, ткаенина,песок, снег, стиропор и др.).<br>• Средства за печатење (матрица, графички лист – отпечаток, картон-печат и др.).<br>• Средства за дизајн и визуелни комуникации (фотографија, спот, реклама, илустрација, корица, интернет, стрип, визуелен знак).<br>• Нагледни средства (цртежи, фотографии, изработки, списанија, книги, плакати, постери, апликации, илустрации, проспекти). |

| | |
|---|---|
| **Норматив на наставен кадар** | Воспитно-образовната работа во четврто одделение може да ја изведува лице кое е:<br>• професор/наставник/учител по одделенска настава, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС;<br>• дипломиран педагог, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето ***Уметничко изразување и култура*** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| VIII-А.1 | да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот), |
| VIII-А.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни), |
| VIII-А.4 | да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од други кои се припадници на сопствената или на други култури, |
| VIII-А.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти, |
| VIII-А.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност. |
| | *Ученикот/ученичката прифаќа дека:* |
| VIII-Б.2 | критичкиот однос кон различните продукти на уметноста е битен за развивање на индивидуалните и општествените естетски вредности. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните подрачја на Националните стандарди: ***Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Општество и демократска култура*** и ***Техника, технологија и претприемништво.***

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| IV-А.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ; |
| IV-А.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини; |
| IV-А.8 | на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјалните мрежи и дигиталните облаци; |

| | |
|---|---|
| V-А.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите кои ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-А.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-А.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-А.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| V-А.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-А.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-А.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-А.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; |
| V-А.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење; |
| VI-А.5 | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.); |
| VI-А.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација; |
| VII-А.4 | да генерира идеи и осмислува активности кои водат до продукти и/или услуги; |
| VII-А.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – ги олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава; |
| IV-Б.5 | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила и за добро на луѓето; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |

| | |
|---|---|
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план; |
| VI-Б.9 | секој граѓанин треба да презема одговорност за промените во природата предизвикани од активностите на човекот; |
| VII-Б.4 | работната етика, културната чувствителност и односот кон другите се значајни за креирање и одржување позитивна работна клима. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Тема: ***ЦРТАЊЕ***
Вкупно часови: **9**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. создава цртеж, користејќи молив, креди, лавиран туш, бајц, перце, дрвце, јаглен;
2. применува рамнотежа, контраст, градација, пропорција, симетрија, асиметрија, волумен, детали, контрасни и контурни линии при цртањето и да го препознава присуството на истите елементи и принципи во цртежите на другите.
3. применува компјутер за создавање цртеж.

Ученикот/ученичката ќе:

4. ја развива креативноста преку цртање.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| • Средства за цртање и нивна употреба (хартија, молив, креди, лавиран туш, бајц, перце, дрвце, јаглен). | • Ги идентификува средствата со кои може да црта.<br>• Користи различни средства за цртање при креирање цртеж.<br>• Разликува цртежи изработени со примена на различни средства за цртање. |
| • Основи на ликовниот јазик: ликовни елементи и принципи во цртањето. | • Црта мотиви од околината, природни појави, случки од секојдневниот живот со примена на различни линии, вклучително и контрасни и контурни. |

| | |
|---|---|
| • Рамнотежа, контраст, градација, пропорција, волумен, симетрија, асиметрија, целина, детаљ, контурна линија. | • Препознава промени во изгледот на цртежот кога се користат различни ликовни елементи и принципи.<br>• Идентификува детаљ во целина (даден цртеж).<br>• Црта симетрични и асиметрични мотиви.<br>• Ги препознава средствата и ликовните елементи кои ги учи во цртежите на познати автори.<br>• Црта различни форми со користење компјутер.<br>• Вреднува сопствен или цртеж на соученик/соученичка од аспект на примена на ликовните елементи и принципи кои ги усвоил/усвоила. |

**Примери за активности**

- Учениците цртаат пејзаж со директно набљудување на блиската околина, користејќи разновидни линии (вертикални, хоризонтални, коси, дебели, тенки, криви, прави) и со цртачки материјал по избор (по примерот на цртежите на Ван Гог).
- Учениците цртаат ,,мртва природа“ со набљудување модел (чинија со овошје, вазна или сад) со лавиран туш и перце.
- Учениците цртаат „мртва природа“ со набљудување на едноставен модел (овошје, вазна или чинија) на компјутер/таблет.
- Учениците цртаат фрагмент од народна носија – шара, карактеристична за некоја етничка заедница од нашата држава со туш, бајц или јаглен.
- Учениците цртаат ,,3Д геометриски форми“ (пирамида, квадар, коцка, призма) со молив (по примерот на цртежите на Ешер).
- Учениците создаваат цртеж по сеќавање (од излет/екскурзија), при што цртаат релјеф (планини, котлини, клисури, реки и езера) и природни ресурси (шуми, реки, езера, сонце), а како материјал за работа користат фломастери, дрвени или мрсни боици.
- Со креда во боја учениците цртаат на плочник во училишниот двор на зададената тема (на пример, екологија – заштита на животната средина).
- Учениците со креда цртаат сообраќајна крстосница во училишниот двор. Цртежот се користи за симулација на движење на пешаци, возачи, велосипедисти, лица на ролери, тротинети и сл., при што се почитуваат правилата за однесување во сообраќајот.
- Учениците ги цртаат симболите на општината (знаме и грб), по претходно истражување на интернет.
- Учениците цртаат спортски реквизити, музички инструменти и/или животни со контурни линии и со цртачки материјал по избор.
- Учениците преку цртеж претставуваат симетрична и асиметрична композиција на различни мотиви – пеперутка, бумбар, цветови и сл. Истите ги сечат и ги лепат на парче дрво (претходно изработено од наставникот). Работат со различни цртачки материјали во боја.
- Учениците ги претставуваат мотивите на шишарка, афион и полжав со цртање разновидни линии и користење цртачки материјали и употреба на компјутер.

Тема: ***СЛИКАЊЕ***

Вкупно часови: **15**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. создава слика, користејќи различни сликарски техники и материјали;
2. применува градација на бои и тонови, хроматски и ахроматски бои и комплементарен контраст при сликањето;
3. применува компјутер за создавање слика.

Ученикот/ученичката ќе:

4. ја развива креативноста преку сликање.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| • Средства за сликање и нивна употреба во различни сликарски техники (акварел, гваж, темпера, пастел, материјал за колажирање, фломастери, туш). | • Ги идентификува средствата со кои може да слика.<br>• Користи различни средства за сликање при креирање слика.<br>• Разликува слики изработени со примена на различни средства за сликање.<br>• Комбинира различни средства и подлоги за сликање и создава слика. |
| • Основи на ликовниот јазик: ликовни елементи и принципи во сликањето.<br>• Рамнотежа, контраст, градација, пропорција, волумен, хроматски и ахроматски бои, градација на бои и тонови, комплементарен контраст, комплементарни парови. | • Ги разликува боите и тоновите во околината и ги претставува со сликање.<br>• Слика на компјутер со користење на адаптирани програми.<br>• Создава слика со градација на ахроматски и хроматски бои.<br>• Идентификува комплементарен контраст и го применува при креирање слики и колажи.<br>• Вреднува сопствена слика или слика на соученик/соученичка од аспект на примена на ликовните елементи и принципи кои ги усвоил/усвоила. |

**Примери за активности**

- Учениците сликаат мотив на мртва природа со различни плодови, при што акцент се става на симетријата, соодносот на големините, пропорцијата и волуменот. Притоа, учениците користат гваж, пастел, темпера или сликаат на компјутер.
- Учениците сликаат мотив според претходно набљудување на уметничко дело од познат уметник (на пример, дело од Василиј Кандински). Притоа, ги користат само ладните бои од спектарот и сликарските техники гваж, темпера или сликаат на компјутер.
- Учениците, употребувајќи боја, тон и облик, сликаат оган како мотив. Притоа, ги користат само топлите бои од спектарот и сликарските техники гваж и темпера.
- Учениците изработуваат композиција по мотив есен и есенски листови, применувајќи тонска градација на боите (со додавање бела или црна) во гваж или темпера.

- Учениците сликаат булки на ливада, применувајќи комплементарен контраст (односно црвена и зелена боја). Притоа, како ликовен материјал користат колаж со хартија во боја (по примери од Пол Гоген или Ван Гог).
- Учениците сликаат со топли и ладни бои по мотив поле или вазна со сончогледи со примена на гваж, темпера и пастел (по пример на Ван Гог).
- Учениците сликаат по пример на ликовно дело од модерната уметност (Виктор Вазарели или Хуан Миро) со примена на хармонија на бои и плоштини во гваж, темпера или со компјутер.
- Учениците сликаат по мотив автомобилски трки на компјутер, користејќи простор и насока.
- Учениците сликаат по мотив селски двор во гваж, темперни бои и пастел (простор: лево-десно).
- Учениците го истражуваат односот на контрасти преку боја и преку форма, изработувајќи мотив според традиционална народна носија од различни етнички заедници од нашата држава со гваж, темпера или со компјутер.
- Учениците користат ритам на бои и форми при сликање на мотив фудбалски натпревар во гваж и темпера.
- Учениците сликаат различни садови од домаќинството во пропорција, користејќи пастел.

Тема: ***ПЛАСТИЧНО ОБЛИКУВАЊЕ И ГРАДЕЊЕ***
Вкупно часови: **5**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. создава облици, користејќи различни техники и материјали за обликување во просторот, моделирање и градење;
2. применува ликовни елементи и принципи во обликувањето и градењето на релјеф, портрет, биста, скулптура, тридимензионални фигури и архитектура;
3. користи компјутер за пластично обликување и градење.

Ученикот/ученичката ќе:

4. ја развива креативноста преку пластично обликување и градење.

| Содржини (и поими) | Стандарди за оценување |
|---|---|
| • Средства и материјали за пластично обликување и градење и нивна употреба (хартија, пластелин, глина, глинамол, тесто, пластика, амбалажа, алуминиумска фолија, жица, конец, песок, снег, стиропор). | • Ги идентификува средствата и материјалите со кои може да обликува, моделира и гради.<br>• Користи различни средства и материјали за пластично обликување и градење.<br>• Разликува облици и градби, обликувани со примена на различни средства и материјали.<br>• Комбинира различни средства и материјали за пластично обликување и градење и создава облици и градби. |
| • Основи на ликовниот јазик: ликовни елементи и принципи во пластичното обликување и градење.<br>• Пластично обликување, моделирање, градење, тридимензионална фигура, пропорција, волумен, перфорирање, релјеф, портрет, биста, скулптура, архитектура, асамблаж. | • Ги разликува дводимензионалните и тридимензионалните форми во околината и ги претставува со пластичното обликување и градење.<br>• Користи адаптирани програми на компјутер за обликување и градење.<br>• Создава облик или градба со користење на пропорции, волумен, целина, детаљ и со перфорирање.<br>• Прави разлика меѓу релјеф, портрет, биста, скулптура, асамблаж и архитектура.<br>• Вреднува сопствена изработка или изработка на соученик/соученичка од аспект на примена на ликовните елементи и принципи кои ги усвоил/усвоила. |

**Примери за активности**

- Учениците користат картонски кутии, рециклиран материјал, пластика и слично (техника асамблаж) за да создадат слободна пејзажна композиција со урбан мотив.
- Учениците со употреба на глина или глинамол создаваат волуменозна композиција со мотив од природата (на пример, пупки од цвеќе, овошје) со насока да се употреби и текстура во формата.
- Учениците создаваат полуотворена форма со мотив на дланки, со помош на вајарски материјали (како што се глината и глинамолот).
- Учениците обликуваат отворена форма со мотив на пролет изведена во колажна/асамблаж техника (картонски парчиња, дрвени стапчиња, пластика и слично);
- Учениците со помош на хартија создаваат релјефна форма со мотив на природа (на пример, рид, планина, планински венец).
- Учениците создаваат геометриски форми со различни големини. Притоа, се комбинираат материјали, како што се: жица, хартија, боја, ткаенина и слично;
- Учениците користат глина или пластелин и обликуваат фигура на човек седнат на коцка со примена на волумен во простор (по дадена илустрација).
- Учениците користат глина, глинамол и пластелин за обликување на продавач на пазар со примена на контраст на форми.
- Учениците обликуваат со глина две или повеќе фигури, човек на различна возраст и големина со примена на контраст на форми.

- Учениците обликуваат со глина две или повеќе фигури на животни со различна големина (пример: пиле и кокошка) со примена на контраст на форми.
- Учениците обликуваат модели – споменици со материјал по избор (компонираат едноставни и сложени форми) по модел на постоечки скулптури.
- Учениците од рециклирана амбалажа градат или прават макета на куќа, станбена зграда, фабрика и др.

Тема: ***ГРАФИКА***

Вкупно часови: **3**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. создава печати, користејќи различни техники и средства за печатење:
2. применува ликовни елементи и принципи во печатењето – монотипија, колографија;
3. користи компјутер, печатач за печатење.

Ученикот/ученичката ќе:

4. ја развива креативноста преку графика.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| • Средства за печатење и нивна употреба (матрица, графички лист – отпечаток, картон-печат). | • Идентификува и користи различни средства за печатење.<br>• Разликува различни средства за печатење.<br>• Комбинира различни средства за печатење при создавање графички отпечаток. |
| • Основи на ликовниот јазик: ликовни елементи и принципи во графиката (графика, монотипија, колографија). | • Создава графички отпечаток со користење на различни графички техники, ликовни елементи и принципи во печатењето.<br>• Прави разлика меѓу монотипија и колографија во печатењето.<br>• Печати со помош на компјутер, користејќи печатач и адаптирани програми.<br>• Вреднува сопствен отпечаток или отпечаток на соученик/соученичка од аспект на примена на ликовните елементи и принципи кои ги усвоил/усвоила во печатењето. |

**Примери за активности**

- Учениците печатат графика на мотив птица со изработен шаблон од картон со црна темперна боја за прикажување форма, контраст, големина и пропорција.
- Учениците печатат графичка форма со техниката монотипија, изработувајќи честитка за роденден, Нова година, 8 Март. Притоа, употребуваат темперни бои и пластична или алуминиумска фолија како подлога за печатење и прикажуваат композиција.

- Учениците печатат графичка форма на хартија со употреба на техниката колографија. Притоа, изработуваат отпечатоци со налепување на различни ткаенини, јаже, конец и слично за да се постигнат ликовни форми со ефекти на различни текстури  и структури.
- Учениците изработуваат шаблони од пластика или картони и ги користат за печатање на платно со цел да се добие декоративна ткаенина со шара.
- Учениците од глина или глинамол изработуваат подлога (матрица) и со  длабење и обликување креираат мотив. Потоа, го премачкуваат со бои и го пресликуваат на лист хартија.
- Учениците наоѓаат уметнички графички дела на интернет и ги печатат на печатач.

Тема: ***ДИЗАЈН И ВИЗУЕЛНИ КОМУНИКАЦИИ***

Вкупно часови: **4**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. создава дизајни, користејќи различни техники, средства и материјали за дизајн и визуелни комуникации;
2. применува ликовни елементи и принципи во дизајнот и визуелните комуникации  –  илустрација, корица, реклама, стрип, спот, визуелен знак, фотографија;
3. користи компјутер и дигитални уреди во дизајнирањето и визуелните комуникации.

Ученикот/ученичката ќе:

4. ја развива креативноста  преку  дизајнирање.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
| --- | --- |
| • Средства и материјали за дизајн и визуелни комуникации и нивна употреба (хартија, бои, ткаенина, еколошки материјали, компјутер, телефон, фотоапарат, дигитална камера и др.). | • Идентификува и користи различни средства и материјали за дизајн  и визуелни комуникации.<br>• Разликува различни средства и материјали за дизајн и визуелни комуникации.<br>• Комбинира различни средства и материјали за дизајн и визуелни комуникации за да создаде дизајн како продукт. |
| • Основи на ликовниот јазик: ликовни елементи и принципи во  дизајнот и визуелните  комуникации (дизајн, визуелни комуникации, илустрација, корица, реклама, стрип, спот, визуелен знак, фотографија и др.). | • Создава дизајн со користење на различни техники, ликовни елементи и принципи во дизајнирањето и визуелните комуникации, со примена на современа технологија.<br>• Прави разлика  меѓу рачно изработен дизајн и дизајн изработен во електронска или дигитална форма.<br>• Разликува дизајн на илустрација, корица, реклама, стрип, спот, визуелен знак, фотографија. |

| | |
|---|---|
| | • Вреднува сопствен дизајн или дизајни од соучениците од аспект на примена на ликовните елементи и принципи кои ги усвоил/усвоила во дизајнирањето и визуелните комуникации. |

**Примери за активности**

- Учениците дизајнират дел од облека од природен еколошки материјал.
- Учениците дизајнираат шара или мотив за текстилна површина, според мотив од уметник (на пример, Пит Мондријан, поп-арт или според народното творештво на различните етнички заедници во државата), со поврзување на бои, форми, линии, ритам, повторување, композиција.
- Учениците дизајнираат маска за одбележување настани (пример: 1 Април, Нова година, карневали и сл.), употребувајќи материјали за колажирање и обликување.
- Учениците дизајнираат стрип, користејќи исечоци од стари весници или фотографии од омилени ликови.
- Учениците создаваат дизајн на корица (од книга, стрип, брошура, списание и сл.) според текст кој се обработува по предметот мајчин јазик. Како изразно средство употребуваат компјутер.
- Учениците прават спот и/или реклама на ниво на училиште, при што за дизајнирање користат компјутер и други дигитални уреди.
- Учениците дизајнираат фотоалбум на ниво на паралелка со употреба на сопствени фотографии направени со дигителен фотоапарат.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс во однос на полот. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам. Исто така, наставникот внимава во изработките на учениците да не се провлекуваат родови и етнички стереотипи.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на активностите/поимите од предметот ***Ликовно образование*** со содржините/стандардите од другите предмети при планирањето и реализацијата на наставата. На тој начин овој наставен предмет ги мотивира учениците во учењето на другите предмети и помага во нивно полесно совладување.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот редовно ги следи и вреднува постигањата на учениците во текот на наставата. Се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за ликовно творење, ангажираноста, посветеноста во работата, индивидуалната, тандемската и групната работа. За учеството во активностите учениците добиваат повратна информација со која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;
- практичната активност за време на часот (учество во активностите);
- изработените ликовни творби (цртање, сликање, пластично обликување и градење, графика, дизајн и визуелни комуникации);
- учеството во изработката на заеднички творби.

При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава на индивидуалниот пристап за постигањата на секој ученик поединечно. На крајот на годината се изведува сумативна описна оценка на постигнатите стандарди за оценување. На крајот од учебната година ученикот добива бројчана сумативна оценка.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | 2021/2022 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |

| | |
|---|---|
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Ликовно образование* за IV одделение.** | бр. 08-7413/8<br>10.05.2021 година<br><br>Министерка за образование и наука,<br>Мила Царовска, с.р. |